HALKBANK

Халкбанк АД Скопје е брзорастечка банка составена од тим од млади, амбициозни и мотивирани вработени. Во согласност со нашата стратегија, ние сме секогаш отворени за нови, едуцирани, трудољубиви, високо мотивирани и талентирани кандидати за вработување. Истовремено, на членовите на нашиот тим им нудиме одлични работни услови, конкурентни примања и бенефиции, како и континуиран кариерен и професионален развој, кои што ја рефлектираат улогата на Банката како водечка финансиска институција во локалниот финансиско-банкарски сектор.

Согласно тековните потреби, процеси и активности во Халкбанк АД Скопје, објавуваме оглас за прием на пополнување на следната работна позиција во Банката:

**Помлад ИТ Специјалист за ИТ Хелп Деск**

**во Дирекција инфраструктурна поддршка – референца бр. 008/2026**

**Основните квалификации и барања кои кандидатот треба да ги исполнува за оваа позиција се:**

- Завршено најмалку Високо бразование од областа на информатиката и компјутерските науки;
- Без или со работно искуство на иста или слична позиција;
- Одлични познавања на англиски јазик за континуирана комуникација, пишување и читање;
- Возачка дозвола Б категорија.

**Истовремено, кандидатот пожелно е да ги поседува следните познавања, вештини и квалификации:**

- Одлични комуникациски вештини;
- Искуство со ИТ Хелп Деск подршка, мониторирање на системи, решавање и ескалација на проблеми (инциденти);
- Ориентираност кон решавање на проблеми, креативно и критичко размислување;
- Познавање на  работа со компјутери и Windows оперативен систем;
- Основно познавање на AD;
- Основно познавање на MSSQL;
- Основно познавање на компјутерски мрежи и сигурност на информациски системи;
- Подготвен да учи и да работи со најнова компјутерска технологија;
- Професионален пристап кон работните обврски;
- Ефикасно управување со време, приоритети и почитува рокови;
- Чесност и доверливост;
- Способност за тимска работа;
- Професионален изглед и однесување.

**За оваа работна позиција, кандидатот пожелно е да ги поседува или стекне способностите за вршење на дел од следните работните задачи, кои што ќе бидат должност на вработениот ангажиран на горенаведената позиција:**

- Одговорен за овозможување на прво ниво на поддршка на крајните корисници и правилно и целосно функционирање на апликативните Хелп Деск системи во Банката;
- Овозможување на аппликативна поддршка во рамки на Апликативните модули во Банката, како и давање на Системска подршка на крајните корисници;
- Организирање и спроведување на поддршка  за корисниците во наведените модули;
- Анализирање на можностите за користење на модулите, вршење надзор за правилно користење, утврдување, отстранување неправилности и настанати грешки во работењето на модулите;
- Изготвување упатства, извештаи, мислења и препораки во врска со работењето на Хелп Деск системот ;
- Вршење прием, инсталација и надградба на модулите во соработка со надворешните релевантни страни;
- Учество во проекти за унапредување на споменатите апликативни модули, како и за останати активности и тековни ангажмани во рамките на Дирекцијата.

Доколку сте заинтересирани за позицијата, ве охрабруваме да аплицирате најдоцна до **20.05.2026** година на следниов е-маил: **career@halkbank.mk** со назнака: Референца Бр. **008/2026 – Помлад ИТ Специјалист во Дирекција инфраструктурна поддршка.**

За да аплицирате, потребно е да ни го доставите вашето резиме (CV) на англиски јазик. Со доставувањето на вашата апликација потврдувате дека прифаќате вашата апликација и лични податоци да бидат земени во предвид за идните потреби од нови вработувања на Банката во рок од 1 (една) година.

Доколку сакате да ја повлечете согласноста за чување и обработка на Вашите лични податоци за цели на идни нови вработувања во Банката, истото можете да го направите во секое време на следниот е-маил: career@halkbank.mk.

Само кандидатите кои ќе влезат во потесниот круг на селекција ќе бидат контактирани и повикани на тестирање на знаење и/или интервју.